РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-473/2
24-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-тата седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3475/1 од 30.12.2025 година, а во врска со предмет број 12-473/1 од 26.01.2026 година, против службеното лице ///, член на Советот на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-473/1 од 26.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 30.12.2025 година, поднесена е пријава број 12-3475/1 од 30.12.2025 година, против службеното лице ///, член на Советот на Општина ///. Во врска со пријавата оформен е предмет број 12-473/1 од 26.01.2026 година.
Во пријавата подносителот, без наведување на конкретни дејствија, упатува на околности кои според него подразбираат несразмерно зголемување на имот, непотизам и судир на интереси на пријавеното лице, при негово делување од позиција на член на Советот на Општина ///, член на управен одбор, и преку поврзаност со фондација, кои во пријавата не се наведени.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи и дека во истата нема доволно податоци со кои пријавените наводи би се конкретизирале по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК